**ЗАПИСНИК**
**од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.09.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.09.2017 година.
2. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Анализа на родовите прашања и начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.09.2017 година.

Г-дин Трајчев рече дека има забелешка, техничка корекција, на страна 3 од самиот Записник, во првиот пасус од неговото излагање, во реченицата „..не може да се смени по апсолутизам. Не може апсолутно секаде да се смени,..“ да се избрише „не може да се смени по апсолутизам“ за реченицата во континуитет да има смисла.

Г-дин Петрушевски рече дека нема забелешки на овој предлог.

Советот на Агенцијата со забелешката од г-н Трајчев, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.09.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-ѓа Цветанка Митревска, Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека Советот на Агенцијата веќе еднаш одобрил спроведување на постапката, меѓутоа истата не завршила успешно од причина што не била доставена ниту една понуда во предвидениот рок. Рече дека Законот за јавни набавки дава можност да се повтори постапката и додаде дека истата е во согласност со мислењето добиено од Државната комисија за спречување на корупција.

Г-н Петрушевски рече дека согласно член 99 став 1 потточка 1 од Законот за јавни набавки доколку има две спроведени постапки во кои што нема ниту еден понудувач, дозволено е да се спроведе постапка без објавување на оглас. Посочи дека ако не успее и оваа постапка може да се започне постапка со директно преговарање без објавување на оглас, со тоа што ќе се побара согласност од Советот, сè со цел да не се доведе договорниот орган во ситуација да не може да си ги врши работите затоа што не се јавил никој заинтересиран.

Г-н Јанчески праша колку често, односно наназад колку години се врши оваа јавна набавка на Анализа на родови прашања и начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите и откако ќе се презентира Анализата, како Агенцијата ја користи, за кои свои идни активности, односно каде наоѓа употребна вредност, дали Агенцијата врши квалитативна Анализа на овие анализи низ годините наназад.

Г-н Трајчевски објасни дека оваа Анализа е обврска произлезена од Законот за еднакви можности на жените и мажите и се доставува на разгледување и усвојување во Собранието на Република Македонија. Рече дека во Програмата за работа на Агенцијата за оваа година предвидено е да се направи споредбена Анализа на истражувањата од претходните години. И покрај тоа што истражувањата се на различни теми, за застапеноста на мажите и жените во вестите, некаде во рекламите, сепак ќе се направи споредбена Анализа на истражувањата од последниве 4-5 години.

Г-н Фиданоски рече дека иако е износот 300.000,00ден сепак цената ќе биде пониска, бидејќи ќе има наддавање.

Г-н Трајчев се надоврза на прашањето на г-н Јанчески, рече дека се објасни дека изработката на Анализата е законска обврска, дека оди на разгледување и усвојување во Собрание на Република Македонија, но праша дали правиме споредба на напредокот.

Г-н Трајчевски одговори дека требало досега да се направи таква споредбена Анализа, меѓутоа треба да се изработи уште оваа Анализа за да може да се изработи споредбената.

м-р Драгица Љубевска, Раководителот на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, одговори дека се анализираат и

квалитативните аспекти и дека овие Анализи се планира да се користат како подлога за кампањата против сексизмот во медиумите. Ова се планира последниве две години меѓутоа од разни причини не е реализирана кампањата. Информираше дека е конкурирано за еден проект за медиумска писменост и дека имаме добиено потврда од ОБСЕ дека ќе ни се одобрат финансиски средства. Таа кампања ќе биде фокусирана пред сѐ на медиумската писменост, меѓутоа ќе бидат опфатени и елементи на сексизам, бидејќи борбата против сексизмот е дел од медиумската писменост. Се надева дека ќе биде реализирана во април наредната година.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4079/3 од 25.09.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-2565/5 од 28.07.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-4152/3
05.10. **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**